ЗНМ: Јавното понижување на млади новинари создава штетна средина за медиумските работници

02/07/2026 - 9:30 ВЕСТИ

ЗНМ потсетува дека конструктивна критика кон медиумите, новинарите и водителите е легитимна во демократско општество, но таа треба да биде заснована на аргументи, факти и професионални стандарди

Здружението на новинарите на Македонија реагира на јавната објава на социјалната мрежа Фејсбук од Бранко Тричковски, во која новинарот и водител Александар Видиновски е изложен на груби навреди, омаловажување и понижувачки квалификации.

Во објавата не се критикува конкретна професионална постапка, новинарска содржина или јавен настап преку факти и аргументи, туку се напаѓа личниот и професионалниот интегритет на медиумски работник со употреба на погрдни зборови. Ваквиот начин на комуникација е неодговорен, непродуктивен и штетен за јавниот простор.

ЗНМ потсетува дека конструктивна критика кон медиумите, новинарите и водителите е легитимна во демократско општество, но таа треба да биде заснована на аргументи, факти и професионални стандарди. Личните напади не придонесуваат за подобро новинарство, туку создаваат атмосфера во која медиумските работници се третираат како легитимна мета за потсмев, навреди и дискредитација.

Особено е штетно кога ваквата комуникација е насочена кон помлади новинари и медиумски работници бидејќи се поттикнуваат и други корисници на социјалните мрежи да го следат овој неприемерен пристап. Наместо да се поттикнува професионален развој, јавна дебата и критичко мислење, ваквите објави создаваат притисок, демотивација и чувство дека нивната работа може да биде омаловажена без основа и без одговорност.

Јавните личности, коментаторите и сите учесници во јавната дебата имаат одговорност да не поттикнуваат непријателска средина кон новинарите. Несогласувањето со нечиј став, настап или професионален избор може да се изрази јасно и критички, но без лични навреди, понижувања и говор што го поткопува достоинството на медиумските работници.



НОВО ЗА ВАС ЛАЈМЕ НË GJUHË


06/10/2026
АНАЛИЗА: Ново задолжу
милијарди евра, јавните
се ребалансираат, што ќе
новата буџетската година

06/10/2026
Извозот пораснал за 8,8
достигнал 8,15 милијарди

06/10/2026
ЕСЕ: Корупцијата во здра
храни од стравот и ранли
пациентите

05/10/2026
Со ученичка дебата во С
одбележан Светскиот де
наставниците

05/10/2026
„Тринаесеттиот“ на Лиди
меѓу финалистите за рег
книжевен избор „Штефи

Заштитата на професионалниот дигнитет и создавањето безбедна средина за работа на новинарите е јавен интерес и предуслов за здрава демократска дебата.

Извор: Мета.мк

0 0

МОЖЕ ЌЕ ВЕ ИНТЕРЕСИРА

Топ 10 настани за Радио МОФ: 2018 –

(Не)одговорност во слободната онлајн зона

Нападите кон новинарите во пораст –

ЗНМ и СЕММ: потребна е поголема







РАДИО МОФ НА FACEBOOK

РАДИО МОФ НА TWITTER

X @RadioMOF
Official updates on X

Our live timeline is temporarily unavailable due to X limitations. You can still follow all updates directly on our profile.

РАДИО МОФ НА INSTAGRAM

Радио МОФ
32,449 followers

Follow Page Share

Радио МОФ
30 minutes ago

◆Во 2027 та ќе се издава нова Еврообврзница. Парите ќе се трошат за враќање на стари долгови но и за тековни буџетски потреби. На истекот од оваа година во најава е втор ребаланс на Буџетот, пишува Порталб. Власта вели дека јавните финансии се стабилни, опозициски от блок обвинува дека државата влегува во должничко сценарио. Што покажуваат податоците за буџетската ликвидност и

View @RadioMOF on X

radiomof
15.2K followers

Радио МОФ е непрофитен медиум. За да ви обезбедиме објективно и професионално информирање добиваме поддршка од повеќе организации. Содржините објавени на медиумот не ги изразуваат нивните ста ставовите на Младински образовен форум и се професионални медиумски содржини креирани од редакцијата на Радио МОФ.